Бр. 12-2617/4
13-05-2019 год.

# РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
# - ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

Државната комисија за спречување на корупцијата, согласно член 22 став 1 и член 23 став 1 Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019), на 15-та седница одржана на ден 09.05.2019 година донесе

**Одлука**

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, натамошното надлежно постапување на Државната комисија за спречување на корупцијата во предметот со број 12-2617/1 од 08.05.2019 година, е беспредметно – од Државната комисија веќе е постапено по предмет со иста фактографија на предметните наводи.

Предметот со број 12-2617/1 од 08.05.2019 година, да се затвори и да се архивира.

Одлуката на Државната комисија за спречување на корупцијата, со образложението, да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

Образложение

Предметот со број 12-2617/1 од 08.05.2019 година е оформен врз основа на добиена пријава, од непознат подносител, за сомневања за незаконитости и прекршувања во изборниот процес и во изборна кампања на Претседателските и Локалните избори 2019 година.

Добиената пријава содржи наводи за злоупотреба на простории во сопственост на Општина Шуто Оризари за потребите на изборна кампања на претседателски кандидат – одржување на прес конференција на ромските политички лидери за поддршка на претседателскиот кандидат Стево Пендаровски.

На седницата, по разгледување на сите наводи на предметниот пријавен случај, Државната комисија за спречување на корупцијата констатира дека станува збор за пријава со предметни наводи по кои веќе е постапено од страна на Државната комисија по предмет оформен по Приговор со број 12-2316/1 од 05.04.2019 година, доставен од организатор/учесник на изборна кампања со наводи за сомневања за прекршување на одредбите од Изборниот законик и на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, а по кој на 12-та седница на ДКСК одржана на ден 03.05.2019 година донесена е Одлука со број 12-2316/10 од 03.05.2019 година, дека: наводите од приговорот не се потврдуваат - сомневањата за прекршување на одредбата од членот од 8-б од Изборниот законик и на одредбите од членовите 36 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси се неосновани, приговорот се одбива, а предметот да се затвори и да се архивира.

Врз основа на се, погоре наведено, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**


Република северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk